

# Педагошки водич

## Постер за демократија

**ВОВЕД**

**Постер**
Постерот комбинира слика со краток текст (слоган). Текстот треба да ја објаснува сликата и да е разбирлив за целата група. На овој начин учениците можат да направат било какво уметничко дело – цртежи, слики, колажи, карикатури или дигитална уметност.

**Демократија**
Демократијата не е само модел на добра влада, туку вредност која е длабоко вкоренета во европската историја. Таа го претставува начинот како државјаните на Европа си го организираат животот заедно, во регионот, државата и на ниво на Европа. Ова не се практикувало секогаш во историјата на Европа, но многу ученици се помлади за да можат да сведочат за тоа време. На многумина мирот, солидарноста и слободата се дел од нивниот приватен живот. Главна цел на овој натпревар е да се разбере што и колку демократијата им значи на граѓаните на Европа и да се зацврстат демократските вредности во ЕУ. Демократијата, сама по себе е апстрактен поим. Затоа треба да им зададете задача на вашите ученици да најдат примери кои се поврзани со оваа тема. Примерите можат да се однесуваат на европската интеграција, граѓанството, достигнувањата и ползата од ЕУ. Учениците исто така треба да размислуваат за иднината на ЕУ.

Евалуаторите ќе го приспособат критериумот да одговара на возраста на групата за да можат да ги изберат победниците.

**Учесници:**

- Учениците можат да учествуваат само индивидуално. Групните прилози нема да се прифатат. Секој ученик може да приложи само еден прилог.
- Можат да учествуваат само регистрирани средни училишта.
- Сите прилози треба да се поднесат на порталот.

Погледнете го документот за правилата и критериумите за овој натпревар кој се наоѓа на истата страна на која е објавен натпреварот.

**Временска рамка:** Учениците можат да започнат со своите активности веднаш и да ги поднесат од 26 март до 9 мај 2007.

**Јазици:** Мајчин јазик и превод на англиски, германски ил француски.

**Апликација:** Постер и слоган

**Величина на сликите и текстот:**
Сликите можат да бидат во екстензија – jpg и gif со максимум големина: ширина 800 пиксели и висина 600 пиксели. Сликата да зафаќа најмногу до 3 MB меморија.

Текстот треба да содржи најмногу 100 карактери на мајчин јазик и максимум 100 карактери на англиски, француски или германски јазик.

## Совети како да го водите натпреварот

### Прв дел

**Во училница**

1) Прво треба да им дадете на вашите ученици некои основни информации за демократијата и најзината важност за ЕУ. Учениците треба да знаат за нејзиното историско потекло и позадина.
2) Учениците треба да разберат дека за ЕУ демократијата има значење на повеќе основи : таа е европска вредност и модел за добра влада; таа се рефлектира во Планот Д и е непосредно поврзана со државјанството во ЕУ; таа ги поврзува историските аспекти и аспектите на ЕУ за иднината. Можете да селектирате и друг аспект ако сакате да се задржите на него заедно со вашиот клас.
3) Вашите ученици треба да изберат пример кој најдобро го искажува нивниот концепт за демократијата во однос на ЕУ. Тие подготвуваат цртеж, слика, колаж, карикатура или дигитална слика.
4) Тие избираат слоган за нивниот постер. Тие можат да го направат ова и во обратен редослед така што прво ќе се одлучат за слоган, а потоа ќе бараат начин како да го изразат слоганот со слика.
5) Вашите ученици треба да бидат свесни дека сликата и слоганот треба да се надополнуваат еден со друг и дека и двете треба да бидат разбирливи за интернационалниот аудиториум.
6) Водете ги вашите ученици така што тие на најдобар начин ќе го искажат своето видување.
7) Цртежите можете да ги скенирате или сликате со дигитален апарат пред да ги поднесете на порталот.



### Поднесете ги вашите трудови



8) Прво треба да се пријавите со вашата лозинка и корисничко име кои ги добивте при регистрацијата за учество во Денот на пролетта 2007. Оваа постапка овозможува во натпреварот да учествуваат само регистрираните училишта и обезбедува сигурни содржини за децата на веб страната.
9) Внесете го слоганот на мајчин јазик и внимавајте да не содржи повеќе од 100 карактери.

10) Внесете го слоганот на англиски, француски или германски јазик исто така со не повеќе од 100 карактери. Од паѓачкото мени одберете го јазикот на кој е преведен слоганот. Ова овозможува модераторите автоматски да го забележат вашиот прилог и проверат дали е коректен за публикување на порталот.
11) Внесете ја вашата слика. Претходно можете да ја скенирате или сликате со дигитален апарат.
12) Пополнете го името на вашиот ученик. Од безбедносни причини внесете го само името и иницијалот од презимето.
13) Означете го полето за „правна регулатива“.
14) Потоа ќе имате можност да проверите дали тоа што сте го внеле е точно и да направите промени доколку тоа е потребно.
15) Кога сè ќе биде во ред, поднесете го прилогот.

**Пребарување на другите прилози**



Ако сакате да видите што другите ученици направиле одете на страницата за активности на веб страната www.springday2007.net  На оваа страница ќе бидат прикажани 10 прилози кои се последни испратени, но вие ќе имате можност да ги пребарате и останатите прилози.

1) Кликнете на ‘Search’ и селектирајте ја земјата во паѓачкото мени.
2) Вие ќе ги најдете сите прилози кои се поднесени од училиштата во таа земја.
3) Ако кликнете на малата слика во галеријата тогаш ќе можете да ја видите сликата во вистинска големина во нов прозорец.
4) Кликнете на ‘Back’ ако сакате да се вратите назад.

**Авторски права и правила за сигурност:**



Наставникот треба да е сигурен дека:

- Текстот е оригинален и дека не е превземен од некој или од некаде.
- Цитатите се обележани и нивното потекло е наведено.
- Прилогот може слободно да се користи и не подлежи на никакви авторски права.

Со цел да се зачува приватноста на ученикот само неговото име и иницијал од презимето може да се најде на веб страната.

Не смеат да бидат поднесувани слики од ученикот без претходна согласност на родителот.